Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
Бр. 03-2011/1
23-12-2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-1893/1
23.12 2024 год.viti
Скопје-Shkup

**Република Северна Македонија**
Министерство за Енергетика, Рударство и Минерални Суровини

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**склучен на 23 декември 2024 година,
помеѓу**

1. **Факултетот за електротехника и информациски технологии** во состав на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ број 18 Скопје (во натамошниот текст: **Факултетот**) претставуван од деканот, проф. д-р Владимир Атанасовски и

2. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул. Илинденска број 2, 1000 Скопје, со ЕМБС: 7769873 и ЕДБ: МК 4080024623856, ( во натамошниот текст: Министерството), застапувано од министерката Сања Божиновска, на кои заеднички се упатува како страни.

## ОПШТИ ЦЕЛИ

**Член 1**

Со овој меморандум страните потписнички воспоставуваат меѓусебна соработка преку утврдување рамка, преку која ќе се реализира соработката за работи од заеднички интерес засновани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредувањето на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на електротехниката и информациските технологии.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

**Член 2**

Меѓусебната соработка предмет на овој меморандум страните ќе ја реализираат во различни подрачје од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следниве полиња на соработка:

1. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку:

а) соработка на експертски и професионални тимови определени од страните потписнички;

б) изработка на магистерски трудови од страна на магистрантите на Факултетот, а во функција на проекти од интерес на страните потписнички;

2. Работа на апликативни проекти, со посебен акцент на:

а) дефинирање на проектни задачи;

б) изработка на проекти на барање на едниот од страните потписнички;

3. Консултативни активности;

4. Обезбедување студентска пракса за студентите запишани на студиски програми од интерес на Министерството;

5. Взаемно информирање за настани од интерес на потписниците (предавања, семинари, одбрана на магистерски и докторски трудови од делокругот на електротехниката и информациските технологии, а организирани од страна на потписниците);

6. Активности насочени кон одбележувањето на деловни настани, годишнини, јубилеи и сл.

## КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

### Член 3

Страните потписнички на овој меморандум најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто ќе реализираат состаноци за прашања поврзани со остварување на целите на меморандумот и за други дополнителни акти што ќе произлезат од спроведување на соработката.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 4

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

За реализација на одредбите од овој меморандум по потреба може да се изработат дополнителни измени и дополнувања во форма на анекс договори и други правни акти.

Меморандумот е изготвен во 2 (два) еднакви примероци, од кои по еден примерок за секој потписник.

**ДЕКАН**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
Проф. д-р Владимир Атанасовски

**МИНИСТЕРКА**
**ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**
Сања Божиновска